Од изнесените наслови на рефератите може да се согледа големата широчина со која беа зафатени настаните од V до IX век на Балканскиот Полуостров. Симпозиумот исфрли на површина многу проблеми кои бараат посебни иследувања.

По завршувањето на работниот дел на Симпозиумот се одржа основачко собрание на Друштвото на археолозите на СР Македонија. Собранието го прифати Статутот на Археолошкото друштво на СР Македонија, потоа избра Управен и Надзорен одбор. За претседател на Друштвото на археолозите на СРМ беше избран другарот Бошко Бабиќ, директор на Народниот музеј во Прилеп.

Во склопот на Симпозиумот беа организирани два убави излети: едниот до рановизантискиот каструм Дебреште, а другиот во Хераклеја. Организаторите на Симпозиумот ги запознаа учесниците со текот и проблемите на археолошките ископувања. Исто така за време на одржувањето на научниот собир учесниците има можност да ги запознаат културно-историските знаменитости на град Прилеп. Организацијата на научниот симпозиум беше беспрекорна. Домаќините сторија сѐ гостите да се чувствуваат што попријатно и во вистинска работна атмосфера.

**Р. И.**

## СВЕЧЕН СОБИР
### по повод 30-годишнината од смртта на Димитрија Димов Павле-Чуповски

На 29 октомври 1970 година се навршија 30 години од смртта на истакнатиот организатор и предводник на Македонците во Русија Д. Д. Павле-Чуповски. Во тие денови се падна и 70-годишнината од основањето на Македонското научно-литературно другарство во Петроград (денешен Ленинград) во СССР.

По тој повод, на 19 ноември 1970 година во пригодно украсениот амфитеатар на Институтот за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“ во Скопје, се одржа свечен собир на кој присуствуваа голем број општествени и научни работници, професори на Универзитетот „Кирил и Методи“, членови на МАНУ, наставници по историја и др. На собирот беа присутни претседателот на МАНУ акад. Б. Конески, претседателот на Републичката конференција на ССРНМ Б. Станковски, секретарот на Секретаријатот на СК на СКМ д-р С. Милосавлевски и други.

Собирот, со кратко пригодно слово го отвори акад. Димитар Митрев, претседател на Одборот за прослава на Д. Д. Павле-Чуповски. За животниот пат и делото на Чуповски реферат поднесе д-р Блаже Ристовски, виш научен соработник и директор на Институтот за фолклор на Македонија.

Референтот Б. Ристовски, користејќи ги резултатите и од своите најнови научно-истражувачки напори, во збиени црти, но пластично и сугестивно го изнесе животниот пат и сестрано го оцрта борбениот дух на неуморниот македонски патриот Димитрија Димов Павле-Чуповски. Роден во велешкото село

Папрадиште во 1878, пораснат во Крушево, Чуповски работи и истовремено учи, живее во Македонија, Србија и најмногу во Русија и станува највиден организатор на македонската национална мисла меѓу Македонците во Русија. Во младите години активен припадник на Македонската револуционерна организација, потоа раководител на Македонското научно-литературно другарство, учесник во студентските штрајкови во бурната 1905 година во Петроград, борец за воведување на македонскиот јазик во училиштата во Македонија, тој станува особено активен во тешките години на воени пустошења и распарчувања на Македонија. Во тие години Чуповски е најистакнатиот претставник на Македонија и заштитник на македонските национални интереси не само надвор од земјата туку и воопшто. Во 1913—1914 година тој го издава списанието „Македонский голос“ (Македонски глас). Во март 1913 година ја отпечати првата „Карта на Македонија“ што, беше испратена до Лондонската мировна конференција. Благодарејќи на неговото сесрдно залагање, Македонската колонија во Петроград, низ

разни изданија, учество во рускио
печат, со пишана и жива реч, и
трајно ги бранеше интересите н
Македонија и македонскиот наро

Во 1917 година Д. Д. Павле-Ч
повски се вклучува во револуци
нерниот поток во руската столни
и преку новоформираниот „Мак
донски револуционерен комитет“
пропагира „Балканската Федерати
на Демократска Република“.

Останувајќи по Октомврискат
револуција во Петроград, во свои
постари години од животот тој по
готвува голем „Македонско-руск
речник“ и Енциклопедиски прира
ник за Македонија.

Овој истакнат „борец за правот
и слободата на македонскиот на
род“, како што стои испишано н
неговиот надгробен крст, умрел н
29 октомври 1940 година, на 6
годишна возраст, во неговиот сака
Ленинград.

Свечениот собир со внимание
голем инлерес го ислуша излагање
то на референтот Б. Ристовски, с
кое основно беше расветлена едн
недостаточно позната, но мошн
крупна личност од поблиското ма
кедонско минато.

**М. П.**

## СОСТАНОК НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ИСТОРИСКИТЕ ДРУШТВА НА СР СРБИЈА И НА ХРВАТСКА за разгледување на наставните програми и учебници по историја и за двете републики

На 10 и 11 декември 1970 година во Загреб се одржа состанок на претставници на историските друштва на СР Србија и на СР Хрватска. Организатори на овој состанок беа републичките друштва и соодветните заводи за школство. И од двете републики на првата седница присуствуваа по 15 претставници,

на чело со претседателите на друш
твата: д-р Мирјана Грос, вонреде
проф. на Филозофскиот факулте
во Загреб и д-р Петар Милосавље
виќ, научен соработник на Балкано
лошкиот институт во Белград. Меѓ
учесниците и од двете друштва бе
застапени универзитетски наставни
ци, наставници на педагошките ака